A Royal Women's Hospital
Well Women's Publication

Women's Health Matters

ИНФОРМАТИВЕН ЛИФЛЕТ ЗА БРЕМЕНИТОСТ И ПОРАЃАЈ: МАЈ 2002

# Лекарства и доење

Ако доите и примате лекарства, Вие веројатно сте загрижени околу можноста од пренесување на дрога преку млекото до доенчето. Обично кога доилката прима лекарства, количеството пренесено до доилчето е помало од количеството што бебето ќе го прими за време на бременитоста. Тоа зависи од самото лекарство.

Кога докторите ќе Ви препишат некои лекарства, ќе ги земат во предвид наредниве факти:

- Врстата на лекарство
- На кој начин лекарството може да се прима
- Распоред на исхраната и дозите.

Човековото млеко е најдобрата храна што можете да му ја дадете на Вашето бебе. Бенефициите од доењето се толку многу важни така да единствено би требало да прекините само ако има доказ да лекарството што ќе го примите може да предизвика штеата врз бебето.

## Некои здравствени состојби на кои што им е потребен третман со лекарства

### Болки и страдања

Додека доите,најдобро средство против обични главоболки, болки воопшто, или менструални болки се парацетаменолот или комбинација од парацетаменол/кодеин (**paracetamol** или **paracetamol**/**codeine**). За појаки болки потребни се и средства против запалења, како што се; ибопруфен, напроксен, диклофенак, (**ibuprofen**, **naproxen**, **diclofenac**), или можат да бидат препишани аналгетски кремови, џелови и спраеви за мускулни болки. За многу јаки болки како што се болки од мигрена, продуктите како што се таблетите Мерсиндол и Фиоринал (**Mersyndol** и **Fiorinal**) се сметаат како безбедни само кога се користат за краток временски период, но би требало да го видите Вашиот доктор ако имате фреквентна потреба од нив или пак ако болките продолжуваат. Додека доите, најдобро е да ги избегавате Мефанамичните киселини, Индометацидот и



THE ROYAL WOMEN'S HOSPITAL

Аспиринот. (**Mefenamic** acid, **indomethacin** и **aspirin**), освен ако Вашиот доктор поинаку Ви препорачува.

**Настинка и грип**

Додека доите, подобро е симптомите од настинка и грип да се третираат посебно, отколку да се користat комбинирани продукти кои што содржат псеудоефедрини (**pseudoephedrine**). Овие состојки, одвреме на време можат, кај доенчињата, да предизвикаат раздразливост, и неспокојство, посебно бебиња кои што се помлади од три месеци. Кога имате затнат нос (кога сте преладени), земете во предвид користење на спраеви за нос кои што содржат оксиметазолин, ксилометазолин или трамазолин (**oxymetazoline**, **xylometazoline** или **tramazoline**), што е подобро од користење на комбинирани таблети за настинка и грип.

**Астма (Задух)**

Лекарства користени за лечење астма, спраевите за вдишување салбутамол, тербуталине, будесонаит, беклометасон (**salbutamol**, **terbutaline**, **budesonide**, **beclomethasone**) или стероидните таблети се доста безбедни за време на доењето. Ако не сте сигурни, проверете со Вашиот доктор или апотекар.

**Алергии и Алергија на поленов прав**

Ако, додека доите, морате да се лечите од Алергија на поленов прав или други некои алергии, најдобро е да користите капки за очи кои што содржат антазолин, нафазолин (**antazoline**, **naphazoline**), или спраеви за нос, како што се будесонаид или беклометазон (**budesonide** или **beclomethasone**). Повеќето постари седативни антихистамин таблети (на пр. декслофенирамин и фенирамин / **dexchlorpheniramine** и **pheniramine**), се доста безбедни. Ако, кога ќе ги замате седативните антихистамини, заспивањето Ви претставува проблем, неседативен антихистамин кој е соодветен е лоратадин (**loratadine**). Обично, најдобро е да се избегнуваат новите неседативни антихистамини како што се фексофенадин, терфенадин, астемизол и сетиризин (**fexofenadine**, **terfenadine**, **astemizole** и **cetirizine**), затоа што тие понекогаш, предизвикуваат раздразливост и наспокојство кај доенчињата.

**ИНФОРМАТИВЕН ЛИФЛЕТ ЗА БРЕМЕНИТОСТ И ПОРАЃАЈ: МАЈ 2002**

**лекарства и доење (продолжеток)**

**Контрацепција**
За доилките на кои што им се потребни контрацептивни средства, таблетата (“минипил“) која што содржи мала доза на хормон наречен прогестоген (**levonorgestrel** или **norethisterone**) е најбезбедната опција. Ако примањето на контрацептивни таблети

претставува проблем за доилката, било да е од несакани последици или од сообразување, тромесечна инекција од медроксипрогестерон (**medroxyprogesterone**) е исто така соодветен метод на контрацепција. Овој контрацептивен метод на вшприцување, се излачува во мајчиното млеко во многу мали количества и се зема како доста безбеден. Други комбинирани контрацептивни таблети, кои што содржат хормон на оестроген и прогестроген, најдобро е да се избегнуваат, затоа што заради компонентата од оестроген тие ја намалуваат Вашато млечна залиха.

**Запек (Тврда столица)**
Лаксативите кои што ја омекнуваат или додаваат количество врз содржината на дебелото црево (на пр. **псилиум хаск - psyllium husk**) или омекнивачи на столицата на пр. (**докусате - docusate**) се најбезбедни да се примаат за време на доење. Ако Ви е потребно некое појако лаксативно средство, Вашиот доктор или апотекар ќе Ве посоветува за најпогодниот препарат што можете да го користите. Најдобро е да се избегнуваат големи количини од сена и бисакодил (**senna** или **bisacodyl**) затоа што тие продукти преминиваат во мајчиното млеко и можат да предизвикааат мека столица (пролив) кај бебето.

**Витамини, минерали и тревни препарати**
За време на доењето, безбедно е да се примаат повеќето од минерални и витамински додатоци. Ако сакате да примате тревни додатоци, Ве молиме, проверете колку се тие безбедни за земање додека доите, затоа што тие можат да го раздразнат бебето (на пр. големи дози од лук можат да го раздразнат доенчето).

**ИНФОРМАТИВЕН ЛИФЛЕТ ЗА БРЕМЕНИТОСТ И ПОРАЃАЈ: МАЈ 2002**

**лекарства и доење (продолжеток)**

**Алкохол**

Количеството на алкохол во мајчиното млеко е на ист левел со количеството на алкохол во мајчината крв, мерено во исто време. Најдобро е да се избегнува прекумерно пиење алкохол додека доите. Да се минимизира ефектот на алкохол додека доите, се препорачува да после секој стандарден пијалок, Вие да чекате до два часови, пред да го доите Вашето бебе (на пр. ако имавте четири стандардни пијалоци, Вие би требало да чекате до осум часови пред да можете да доите).

**Пушење**

Им се советува на мајките доилки да престанат со пушењето, или барем да го намалат колку што е возможно. Вие не би требало да пушите одма пред доењето, или пак кога сте во иста просторија со Вашето бебе. Ако Ви е потребна помош да престанете со пушењето, побарајте помош од Вашиот доктор или апотекар.

**Намената на оваа брошура е да биде само упатсво, ако Ви требаат понатамошни информации, побарајте од Вашиот доктор, апотекар, медицинската сестра која се грижи за бебето или мајката или контактирајте го Информативниот Центар за Дроги при Кралската Женска Болница.**
**Информативен Центар за Дроги при Кралската Женска Болница.**
**Работно време:** 9.00 пред пладне-5.00 по пладне Понеделник – Петок **Телефон:** (03) 9334 2277
**Емаил:** rwhdrug@cryptic.rch.unimelb.edu.au **После работно време:** машина за одговарање **Факсимил:** (03) 9349 2756